

Скопје, 26/03/2019, бр.08-2053/2

# Анализа
# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОКИ ПРИХОДИ ВО 2017

- За 2017 година, 455.915 граѓани поднеле Годишна даночна пријава, во која доброволно пријавиле 192.150.172.035 денари годишни бруто – приходи и 11.618.491.776 денари персонален данок.
- Најголем број од доброволните ГДП се поднесени на подрачјето на Регионалната дирекција Скопје, односно 174.342 годишни даночни пријави во РД Скопје, 80.365 годишни даночни пријави во РД Штип, 61.148 годишни даночни пријави во РД Прилеп, 58.867 годишни даночни пријави во РД Битола, 41.028 годишни даночни пријави во РД Тетово и 40.165 годишни даночни пријави во РД Струмица.
- Врз основа на решенијата кои се доставени на адреса на граѓаните кои поднеле и не поднеле ГДП, УЈП има утврдено вкупен годишен бруто-приход од 207.466.392.178 денари и вкупен износ на персонален данок на доход од 12.508.930.256 денари, односно 263.616.504 денари персонален данок кој граѓаните требале дополнително да го платат.
- За 24.524 граѓани утврдени се бруто-приходи над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани (438.004) оствариле бруто-приходи кои се движат од 100 илјади до 1 милион денари.

| **Поднесени ГДП** | **455.915** |
|---|---|
| Утврден бруто-приход во поднесени ГДП | 192.150.172.035 |
| **Утврден персонален данок во поднесени ГДП** | **11.618.491.776** |
| За доплата персонален данок | 259.530.830 |
| **Неподнесени ГДП** | **66.300** |
| Утврден непријавен бруто-приход | 15.316.220.143 |
| **Утврден непријавен персонален данок** | **890.438.480** |
| За доплата персонален данок | 4.085.674 |
| **Вкупно решенија по ГДП** | **522.215** |
| Вкупно бруто-приходи | 207.466.392.178 |
| **Вкупно персонален данок** | **12.508.930.256** |
| За доплата персонален данок | 263.616.504 |

| Прагови на остварени приходи | Број на даночни обврзници | Вкупен бруто приход |
|---|---|---|
| Над 100 000 000 | 6 | 926.083.809 |
| од 10 000 001 - 100 000 000 | 616 | 13.414.530.772 |
| од 1 000 001 - 10 000 000 | 23.902 | 44.923.046.654 |
| од 100 001 - 1 000 000 | 438.034 | 146.193.762.538 |
| од 10 001 - 100 000 | 39.955 | 1.934.227.666 |
| до 10 000 | 19.702 | 74.740.739 |
| **Вкупно** | **522.215** | **207.466.392.178** |

## Највисок годишен приход за 2017 е 212 милиони денари

За 2017 година скопјанец во својата ГДП пријавил 212 милиони денари што е и највисок годишен бруто - приход во Република Македонија.
Втор на листата со остварен годишен бруто приход од 207.587.649 денари, исто така, е граѓанин од Скопје.

На листата со највисоки приходи пријавени во Годишната даночна пријава за 2017 година има и граѓани од Струга со остварени 135.137.869 денари и од Битола со остварени 92.922.049 денари.

| РБ | Град | Вкупно бруто приходи |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 212.008.029 |
| 2 | СКОПЈЕ | 207.587.649 |
| 3 | СТРУГА | 135.137.869 |
| 4 | СКОПЈЕ | 128.139.269 |
| 5 | СКОПЈЕ | 124.840.777 |
| 6 | СКОПЈЕ | 118.370.216 |
| 7 | СКОПЈЕ | 98.635.769 |
| 8 | СКОПЈЕ | 98.434.374 |
| 9 | СКОПЈЕ | 95.828.729 |
| 10 | БИТОЛА | 92.922.049 |

## Здравство, фармација и информатички технологии со највисоки плати

| РБ | Град | Годишна бруто плата од работен однос | Град | Дополнителни примања |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 167.687.011 | СКОПЈЕ | 46.307.898 |
| 2 | СКОПЈЕ | 123.304.713 | СКОПЈЕ | 38.072.713 |
| 3 | СКОПЈЕ | 95.965.843 | СКОПЈЕ | 37.852.801 |
| 4 | СКОПЈЕ | 56.601.642 | СКОПЈЕ | 27.015.569 |
| 5 | СТРУГА | 55.860.315 | СКОПЈЕ | 21.859.587 |
| 6 | ОХРИД | 55.700.174 | СКОПЈЕ | 18.649.391 |
| 7 | ОХРИД | 55.524.245 | БОГДАНЦИ | 17.710.667 |
| 8 | СКОПЈЕ | 54.599.683 | КОЧАНИ | 16.321.500 |
| 9 | ДЕБАР | 54.220.658 | СКОПЈЕ | 16.079.603 |
| 10 | СКОПЈЕ | 48.729.227 | СКОПЈЕ | 15.810.220 |

Највисоката годишна бруто плата во 2017 година изнесува 167.687.011 денари е исплатена во секторот здравство, па потоа следат трговија / производство на фармацевтски производи и препарати, компјутерско програмирање, трговија на големо со производи од тутун, производство на фабрикувани метални производи, производство на печки и горилници, специјалистичка медицинска пракса спортски менаџмент, и изградба на станбени и нестанбени објекти.
Највисокото „дополнително примање и надоместок од работен однос“ изнесува 46.307.898 денари на годишно ниво.

## Скопје со најмногу капитални добивки, а дивидендите со највисоки износи

| РБ | Град | Капитална добивка | Град | Дивиденди и учество во добивка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ПРИЛЕП | 43.973.500 | СКОПЈЕ | 202.089.902 |
| 2 | СКОПЈЕ | 34.484.491 | СТРУГА | 134.334.310 |
| 3 | КОЧАНИ | 27.341.800 | СКОПЈЕ | 123.330.088 |
| 4 | СКОПЈЕ | 27.128.115 | СКОПЈЕ | 113.405.088 |
| 5 | ПРИЛЕП | 19.589.840 | СКОПЈЕ | 94.444.444 |
| 6 | СКОПЈЕ | 16.568.028 | БИТОЛА | 91.666.665 |
| 7 | РОСОМАН | 14.687.100 | СКОПЈЕ | 83.888.889 |
| 8 | СКОПЈЕ | 12.300.000 | ШТИП | 83.293.893 |
| 9 | ПРИЛЕП | 12.244.640 | ГЕВГЕЛИЈА | 75.905.962 |
| 10 | СКОПЈЕ | 11.854.132 | СКОПЈЕ | 75.021.734 |

Највисоката остварена капитална добивка е 43.973.500 денари и е остварена од граѓанин на Прилеп. Досега највисоката капитална добивка е пријавена во 2008 година, и тоа 908.995.813 денари. Заработка од 202 милиони денари пријавил граѓанин од Скопје по основ на дивиденди и други приходи од учество во добивката.

Повременото вршење на услуги во 2017 година било најпрофитабилно за жител од Велес кој заработил 88.386.695 денари по овој основ. Највисокиот профит од вршење на самостојна дејност изнесува 56.949.872 денари и го остварило физичко лице вршител на самостојна дејност од Скопје.

Во 2017 година граѓанин од Скопје остварил приход од продажба на сопствени земјоделски производи во износ од 5.726.269 денари, што е највисокиот приход по овој основ.

| РБ | Град | Повремено вршење на услуги | Град | Вршење на самостојна дејност | Град | Продажба на сопствени земјоделски производи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ВЕЛЕС | 88.386.695 | СКОПЈЕ | 56.949.872 | СКОПЈЕ | 5.726.269 |
| 2 | ВЕЛЕС | 66.929.411 | СКОПЈЕ | 48.294.085 | СКОПЈЕ | 3.831.229 |
| 3 | СКОПЈЕ | 66.000.391 | СКОПЈЕ | 19.498.941 | СКОПЈЕ | 3.776.220 |
| 4 | СКОПЈЕ | 49.217.507 | СТРУГА | 14.886.234 | СКОПЈЕ | 1.808.935 |
| 5 | ВЕЛЕС | 38.784.701 | СКОПЈЕ | 14.109.519 | ВЕЛЕС | 1.703.542 |
| 6 | ВЕЛЕС | 36.212.230 | СКОПЈЕ | 13.164.111 | СКОПЈЕ | 1.513.869 |
| 7 | СКОПЈЕ | 28.914.444 | СКОПЈЕ | 12.312.703 | КРИВА ПАЛАНКА | 1.200.000 |
| 8 | СКОПЈЕ | 28.471.121 | СКОПЈЕ | 9.722.151 | ГЕВГЕЛИЈА | 1.188.093 |
| 9 | СКОПЈЕ | 27.260.074 | СКОПЈЕ | 8.691.912 | СКОПЈЕ | 1.175.000 |
| 10 | ВЕЛЕС | 27.213.503 | СКОПЈЕ | 7.893.921 | СКОПЈЕ | 1.150.007 |

## Имотни права & авторски права

Во 2017 година прворангираниот според вкупно остварени бруто приходи од имот и имотни права (издавање на земјиште, станови и деловни простории, превозни средства и друг вид на имот) е обврзник од Скопје, кој пријавил 52.119.889 денари. Прворангиран според остварени вкупно бруто приходи од авторски права/индустриска сопственост е обврзник од Скопје,со 32.786.556 денари.

| РБ | Град | Имот и имотни права | Град | Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 52.119.889 | СКОПЈЕ | 32.786.556 |
| 2 | ТЕТОВО | 42.320.600 | СКОПЈЕ | 32.037.958 |
| 3 | СКОПЈЕ | 38.054.054 | ОХРИД | 13.073.774 |
| 4 | СКОПЈЕ | 36.612.636 | СКОПЈЕ | 12.233.479 |
| 5 | КУМАНОВО | 34.488.898 | СКОПЈЕ | 12.197.457 |
| 6 | СКОПЈЕ | 21.039.224 | СКОПЈЕ | 10.567.714 |
| 7 | СКОПЈЕ | 20.629.169 | СКОПЈЕ | 10.479.537 |
| 8 | СКОПЈЕ | 18.246.833 | СКОПЈЕ | 9.473.670 |
| 9 | СКОПЈЕ | 15.766.817 | СКОПЈЕ | 6.976.172 |
| 10 | СКОПЈЕ | 15.408.810 | СКОПЈЕ | 6.857.765 |

## Жител на Тетово е срeќниот добитник во 2017

Највисоката добивка од лото, обложување, казино и учество во наградни игри, односно пријавен вкупен бруто приход од игри на среќа е жител на Тетово кој само по овој основ остварил 9.999.041 денари.

| РБ | Град | Игри на среќа |
|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 9.999.041 |
| 2 | НЕГОТИНО | 6.123.235 |
| 3 | СКОПЈЕ | 6.015.666 |
| 4 | СКОПЈЕ | 6.000.000 |
| 5 | КУМАНОВО | 6.000.000 |
| 6 | НЕГОТИНО | 3.401.750 |
| 7 | СКОПЈЕ | 3.113.938 |
| 8 | СКОПЈЕ | 2.187.545 |
| 9 | КРИВА ПАЛАНКА | 2.000.000 |
| 10 | СТРУГА | 1.797.853 |

## Битолските и Скопските пензионери најдобро заработуваат

Највисока заработувачка пријавиле пензионери од Битола и Скопје, кои освен пензијата оствариле и приходи по други основи. Прворангираниот пензионер од Битола пријавил 55.559.568 денари вкупен годишен бруто приход по сите основи, вклучувајќи ја и пензијата.
Највисок годишен бруто приход само по основ на пензија (станува збор за странска пензија) е пријавен во Скопје и тоа во износ од 5.728.934 денари.

| РБ | Град | Пензија | Град | Вкупен приход на пензионери |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 5.728.934 | БИТОЛА | 55.559.568 |
| 2 | СКОПЈЕ | 1.358.533 | СКОПЈЕ | 53.174.184 |
| 3 | СКОПЈЕ | 1.170.765 | СТРУМИЦА | 49.930.378 |
| 4 | СКОПЈЕ | 1.024.249 | СКОПЈЕ | 49.458.374 |
| 5 | СКОПЈЕ | 924.819 | ТЕТОВО | 47.557.574 |
| 6 | СКОПЈЕ | 870.657 | БИТОЛА | 43.333.797 |
| 7 | ОХРИД | 778.591 | КУМАНОВО | 37.559.182 |
| 8 | СКОПЈЕ | 775.376 | ПРИЛЕП | 33.831.294 |
| 9 | СКОПЈЕ | 758.336 | СКОПЈЕ | 22.203.344 |
| 10 | СКОПЈЕ | 655.990 | СКОПЈЕ | 21.660.115 |

## Најмлади и највозрасни милионери

Високи приходи има и кај највозрасните лица и кај младите. **Највозрасното лице** кое остварило над 1.000.000 денари приход има 98 години, додека во групата над 10.000.000 денари највозрасниот има 86 години.

**Најмладо лице** кое остварило доход над 1.000.000 денари има 15 години, додека во групата над 10.000.000 денари, **најмладиот** има 20 години.